

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

---

# ЈАВНА ДОСТАПНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ЛИЦАТА КОИ ИЗВРШУВААТ ЈАВНИ ФУНКЦИИ

**- компаративна анализа -**

---

Изработил: Ивана Арсовска Трајановиќ

Скопје, ноември 2017 година

# ВОВЕД

Одговорното владеење е обврска и задача на сите институции и поединци во институциите во сите сегменти од владеењето - законодавната, судската и извршната власт. Отворено владино партнерство (OGP) е мултилатерална иницијатива која има за цел да ги обезбеди конкретните обврски од страна на владите во насока на промовирање на транспарентноста, поголеми овластувања на граѓаните, борба против корупцијата и создавање нови технологии за зајакнување на раководењето. Декларацијата за отвореност на парламентите претставува повик од граѓанските организации до националните парламенти за зголемување на обврските за нивна отвореност, како и за поголемо вклучување на граѓаните во нивната работа. Изјавите за поседување на имот важат за многу моќна алатка и се еден од механизмите за спречување на корупцијата. Обезбедување на јавно достапни информации на граѓаните за имотната состојба на функционерите овозможува информираност и следење на имотната состојба и приходите на лицата кои извршуваат јавни функции, но и начин за нивна заштита од неоправдани обвинувања.

## I.ИЗЈАВИТЕ ЗА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ – МЕХАНИЗАМ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Одговорно владеење подразбира колективна одговорност на сите носители на јавни функции заради одржување на довербата на народот во институциите во однос на начинот и резултатите од спроведените политики. Одговорното владеење вклучува системи и координирани активности со кои се обезбедува ефективност, ефикасност и одговорно раководење. Постојат механизми како што се на пример: надворешна контрола, внатрешна контрола, санкции за непреземање одредена активност и спроведување на механизмите. Овие алатки наметнуваат голема одговорност и подобро владеење. Одговорно владеење е обврска и задача на сите институции и поединци во институциите во сите сегменти од владеењето - законодавната, судската и извршната власт[1].

**Отворено владино партнерство (OGP)[2]** е мултилатерална иницијатива која има за цел да ги обезбеди конкретните обврски од страна на владите во насока на промовирање на транспарентноста, поголеми овластувања на граѓаните, борба против корупцијата и создавање нови технологии за зајакнување на раководењето. Државите кои учествуваат во иницијативата или сакаат да станат членови на OGP мораат да ја поддржат **Декларацијата за отворено владино партнерство**[3], да достават акционен план изработен во консултација со јавноста и да се обврзат на независност во информирањето за постигнатиот

---

[1] Accountable Governance - Ensuring public money is used to benefit citizens; преземено од официјалната интернетска страница на ОЕЦД, http://www.oecd.org/gov/ethics/public-sector-accountability.htm

[2] Open Government Partnership, https://www.opengovpartnership.org/

[3] Open Government Declaration, https://www.opengovpartnership.org/open-government-declaration

напредок. Декларацијата за отворено владино партнерство повикува на изнаоѓање начини за поголема транспарентност, одговорност, ефикасност и отчетност на владите во своето работење. Декларацијата обврзува на создавање и одржување на законска рамка со која информациите за приходите и имотот на јавните функционери ќе бидат јавни.

**Декларацијата за отвореност на парламентите**[4] претставува повик од граѓанските организации до националните парламенти за зголемување на обврските за нивна отвореност, како и за поголемо вклучување на граѓаните во нивната работа. Секој Парламент треба да објави доволно информации за да можат граѓаните да оформат мислење за интегритетот и чесноста на секој член на Парламентот поединечно. Јавно достапни треба да бидат информациите за имотната состојба на членовите на парламентите, нивната потрошувачка поврзана со работата која ја извршуваат, приходите, интересите и други придобивки.

Корупцијата е клучната опасност и пречка за одговорно и отворено владеење и за демократски процеси. Голем број држави во светот имаат воспоставено системи за поднесување изјави за имотот што го поседуваат јавните функционери заради превенција или сузбивање на корупцијата. **Изјавите за поседување на имот или како што се нарекуваат кај нас, анкетните листови, важат за многу моќна алатка и се еден од механизмите за спречување на корупцијата.** Главни цели кои се постигнуваат со поднесување на ваков тип на изјава се зголемувањето на транспарентноста и довербата на граѓаните во јавната администрација. Собирањето на информации за имотот и приходите на функционерите (некаде и јавната администрација) е еден од начините со кој се обезбедува таа доверба преку јавно објавување на имотната состојба на функционерите. Воедно се врши контрола на нивната работа, се надгледуваат промените во имотот и приходите, но и се обезбедува заштита на јавните функционери од евентуални лажни изјави за нивната имотна состојба и начинот на стекнување. Изјавите за судир на интереси се, исто така, многу значајна алатка со која се превенира или спречува конфликт на интереси[5].

За сега не постои некој поединечен систем за кој би можело да се каже дека има најдобра законска рамка која се однесува на изјавите од страна на јавните функционери. Секоја држава треба да го земе во предвид своето искуство во тоа поле и историјата, како и проблемите со кои моментално се соочува и да одлучи кој и каков вид на систем најмногу би и одговарал.

Интересите, како и имотот на избраните функционери односно претставниците на народот (пратениците) треба да бидат предмет на посебни изјави за имот кои ќе бидат достапни на пошироката јавност. Исто така, треба да се води сметка за тоа дали пријавените информации редовно се ажурираат за да бидат релевантни за соодветно исполнување на целта.

[4] Declaration on parliamentary openness, https://openingparliament.org/static/pdfs/english.pdf
[5] Asset Declarations for Public Officials - A tool to prevent corruption, преземено од официјалната интернетска страница на ОЕЦД, http://www.oecd.org/corruption/anti-bribery/47489446.pdf

Постоењето на **санкции** (административни или дисциплински) е многу важен механизам и истите би требало да бидат изрекувани кога некој од јавните функционери нема да достави на време или пак ќе достави некомплетна изјава која не ги содржи сите барани информации.

Најчесто, изјавите за пријава на имот односно анкетните листови се регулирани со посебен закон или како дел од друг закон**. Содржината на анкетните листови** се разликува од држава до држава. Во многу држави јавните функционери треба освен приходите да го пријаватa и целиот имот кој го поседуваат. Тука може да биде вклучен недвижен имот, повеќе видови на подвижен имот ( возила, пловни објекти, вредни антиквитети и уметнички дела, животни (Хрватска), па дури и градежен материјал (Белорусија)), хартии од вредност, позајмици и штедни влогови во банки.

Со **објавување на информациите** за имотот на функционерите и нивна достапност, ќе му се даде можност на граѓанското општество на некој начин да ја следи нивната работа, а јавните функционери на тој начин да покажат дека работат одговорно согласно законите на државата.

# II.РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Спречувањето на судир на интереси помеѓу приватниот и јавниот интерес во извршувањето на јавните должности, обврската за поднесување и содржината на известувањето за имотната состојба, постапката за проверка на податоците од изјавата, траењето на обврските во Хрватска се уредени со **Законот за спречување на судир на интереси[6].** Целта на законот е да се спречи судир на интереси во извршување на јавните должности, да се спречи влијанието на приватни интереси во донесувањето на одлуките, зајакнување на интегритетот, објективноста, непристрасноста и транспарентноста, како зголемување на довербата на граѓаните во институциите на јавната власт. Јавните функционери во ниту еден случај не смеат да го стават својот личен интерес пред јавниот, треба да постапуваат чесно, совесно, одговорно, непристрасно и достоинствено, на начин на кој ќе ја оправдаат довербата којашто им е дадена од граѓаните.

Доколку постои сомневање во тоа дали определено однесување не е во согласност со начелата за извршување на јавните должности, функционерите мораат да побараат мислење од Комисијата за одлучување за судир на интереси[7], односно да поднесат барање по кое Комисијата мора да даде образложено мислење најдоцна во рок од 15 дена од приемот на барањето.

Функционерите кои треба да доставaт **извештај за нивната имотна состојба** се должни тоа да го сторат **во рок од 30 дена** од денот кога стапиле на должност. Извештајот го доставуваат до Комисијата за одлучување за судир на интереси и во него треба да се содржани **податоци** за други обврски кои ги извршуваат професионално или непрофесионално, дејностите кои ги извршувале

[6] Закон за спречување на судир на интереси на Р. Хрватска (Сл. весник на Р. Хрватска бр. 26/11, 12/12, 124/12, 48/13, 57/15)
https://www.zakon.hr/z/423/Zakon-o-sprje%C4%8Davanju-sukoba-interesa
[7] Povjerenstva za odlučivanje o sukobu interesa

непосредно пред да стапат на функција и податоци за својот имот, имотот на брачниот односно вонбрачниот другар и малолетните деца, со состојбата од тој ден. Во рок од 30 дена по престанок на функцијата, исто така, се должни да поднесат извештај до Комисијата, а ако во текот на извршувањето на функцијата дошло до значителна промена во имотната состојба се должни за таа промена да поднесат извештај до крајот на годината во која настапила промената. Функционерите кои се повторно избрани или именувани за извршување на иста должност, поднесуваат извештај во рок од 30 дена од именувањето и секоја четврта година, дури им трае мандатот. По разрешување од функцијата, функционерите поднесуваат извештај во рок од 30 дена со состојба од денот на поднесувањето.

Податоците за имотот содржат податоци за:

- **Наследен имот**: вид на имот, вкупна вредност на имотот и од кого е наследен;
- **Стекнат имот**: недвижнини стекнати со купопродажба (авион, брод, возила, машини и сл. со поединечна вредност над 30.000.000 куни), заем, подарок, стекнати во постапка со ликвидација или стечај, подвижни ствари со поголема вредност, удели и акции во трговски друштва, удели во сопственост на други работни објекти, штедни влогови доколку го надминуваат едногодишниот нето приходот на функционерот, долгови, приходи од несамостојна работа, приходи од самостојни дејности, приход од имот и имотни права, капитал, осигурување и други видови на приходи, примања кои не се сметаат за приход и за кои не се плаќа данок.

Во извештајот за имотот треба да стојат и податоци за **изворот на средствата** со кои е купена недвижна или подвижна ствар како **и начинот** на којшто имотот е стекнат. Обврска на функционерите е податоците содржани во извештајот да се вистинити и потполни.

**Податоците за постоење или непостоење на судир на интереси и за имотната состојба на функционерот се објавуваат без негова согласност и за нив не важат одредби од законот со кој се уредува заштита на лични податоци.**

Доколку Комисијата утврди дека обврската не е исполнета, го известува писмено функционерот да ги достави податоците, во рок од 15 дена по примањето на пишаното известување. Доколку функционерот не го почитува рокот, Комисијата ќе покрене постапка против него за кршење на одредби од Законот за спречување на судир на интереси. Комисијата за повреда на одредби од Законот за спречување на интереси може да ги изрече следниве **санкции:** опомена, престан на исплата на дел од нето-месечната плата и јавно објавување на одлуката на Комисијата.

**Обврските** кои произлегуваат од Законот за спречување на судир на интереси за функционерот **почнуваат од денот на стапување на функција и траат една година по престанок на функцијата[8].**

На интернетската страница на Комисијата[9] постои **Регистар на функционери**, Регистар на деловни субјекти кои се предмет на ограничувања и Регистар на раководни државни службеници именувани од Владата на Република Хрватска.

## III.РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Словенија прв пат има воспоставено систем за обелоденување на имотот на јавните функционери во 1994 година. Системот е зајакнат и унапреден во 2010 година со помош на **Законот за интегритет и превенција на корупција, изменет во 2011 година[10].** Со Законот се воспоставени мерки и методи за зајакнување на интегритетот и транспарентноста, за превенција на корупција и за избегнување и елиминирање на судир на интереси[11]. Законот има за цел да обезбеди независност во исполнувањето на функциите воспоставени со Уставот на Словенија и законите со редуцирање и превенирање во делот на корупцијата и со надзор врз функциите односно нивната неспоивост една со друга. Целта на Законот е развивање на интегритетот и промовирање и зајакнување на транспарентноста во извршување на јавните функции, надзор над сопственоста односно имотот на функционерите и прифаќањето на подароци од нивна страна како и елиминирање на судирот на интереси доколку постои.

Јавен функционер не може да извршува други функции или да биде ангажиран за извршување на активности од кои за него би произлегле дополнителни приходи или добивки. Секој јавен функционер треба да внимава на тоа дали постои некаков судир на интереси или можеби понатака ќе се појави и треба да направи се за да се избегне појавата.

Во Законот се набројани лицата односно **функционерите кои имаат обврска да ја пријават својата имотна состојба**[12]. Информациите за имотната состојба се поднесува во електронска форма која е достапна на страницата на Комисијата за спречување на корупција[13].

**Анкетниот лист треба да ги содржи следниве податоци**: основните информации за лицето што пријавува имот, податоци за функцијата што ќе ја извршува, работата или функцијата што ја извршувало лицето пред да стапи на

[8] Член 20 (Траење на обврските од Законот и ограничувања по престан на мандатот) од Законот за спречување на судир на интереси на Р. Хрватска
[9] Комисија за спречување на судир на интереси
https://www.sukobinteresa.hr/hr/dostupnost-informacija
[10] SLOVENIA to the EU Anti-Corruption Report
https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/policies/organized-crime-and-human-trafficking/corruption/anti-corruption-report/docs/2014_acr_slovenia_chapter_en.pdf
[11] Integrity and prevention of corruption act
https://www.kpk-rs.si/upload/datoteke/ZintPK-ENG.pdf
[12] Меѓу другите во Законот се набројани и пратениците во Националното Собрание, претседателот, премиерот, министрите, државните секретари, судиите во Уставниот суд, други судии, јавни обвинители и др.
[13] Комисија за спречување на корупција на Р. Словенија
https://www.kpk-rs.si/sl/

функција, други активности што ги извршувало, податоци за сопственост на удели, делови или управувачки права во некоја компанија. Понатака, треба да го пријави недвижниот имот со сите податоци за земјиштето, депозити, штедни влогови во банки и позајмици ако вкупната вредност на сметката надминува 10.000 евра, парични средства на сметка кои надминуваат 10.000 евра, подвижен имот што исто ја надминува вредноста од 10.000 евра и сите други информации за кои што самото лице смета дека треба да бидат пријавени.

Комисијата може да побара информации од официјалните регистри доколку се сомнева во нивната вистинитост, но и доколку утврди контрадикторност меѓу податоците може да побара од лицето да поднесе соодветен доказ за напишаното.

Функционерот **има обврска да пријави каква било промена на функцијата**, како и секоја друга промена во удели, хартии од вредност и други промени во имотната состојба со која е надмината вредноста од 10.000 евра. Промената треба да се пријави до 31 јануари постојната година за претходната година[14]. Комисијата може во секое време да побара податоци за имотната состојба од лицето кое е носител на обврската од Законот и истото информацијата мора да ја достави не подоцна од 15 дена по приемот на барањето од Комисијата. Доколку кај Комисијата се појави сомнение дека дел од имотот или приходот е префрлен од страна на функционерот на некој член од неговото семејство[15] за да се избегне надзор, може да побара и тие да поднесат податоци за нивната имотна состојба и приходите во тек од еден месец.

Ако **функционерот не ја исполнил својата обврска** и не поднел анкетен лист до Комисијата, таа може писмено да го повика да ја исполни обврската во рок кој не може да биде пократок од 15 ниту подолг од 30 дена. Ако лицето не одговори на барањето, Комисијата може да одлучи да му бидат скратени 10% од неговата основна плата за секој месец од денот кога му истекол рокот за поднесување на информација за имотната состојба. Комисијата може да побара од функционерот во рок од 15 дена да се изјасни за непропорционално зголемување или разликите во имотната состојба, кое не е во согласност или не е својствено со пријавените приходи. Ако не ги објасни бараните информации, Комисијата го известува телото односно институцијата кај што работи или е именувано лицето и други одговорни тела. Институцијата може да иницира постапка за разрешување или отказ.

На својата интернетска страница, **Комисијата јавно ќе ги објави податоците за имотната состојба на функционерите** за време на траењето на нивниот мандат и податоците една година по завршување на мандатот и истите ќе останат достапни за јавноста 24 месеци по престан на функцијата. Јавно достапни ќе бидат следните податоци: името и функцијата на лицето, сопственост, удели и хартии од вредност и права во компании, приватна активност на носителот на функцијата , управувачки права во компании, бројот

[14] Во електронска форма
[15] Брачен другар, деца, посвоеници, родители, посвоители, браќа, сестри и други лица кои живеат во иста заедница со нив.

и вредноста на недвижниот имот (без информации за земјиштето), целосна вредност на парични средства и депозити во банки, штедни влогови и позајмици што ја надминуваат вредноста од 10.000 евра, парични средства над 10.000 евра, подвижен имот исто чија вредност е над 10.000 евра и сето тоа на начин од кој не може да се идентификува имотот.

## IV.РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во Србија, правилата во врска со спречување на судирот на интереси при извршување на јавна функција и пријавување на имотот на лицата кои извршуваат јавна функција, како и постапката и процесот на донесување одлуки во случај на повреда на воспоставените правила се уредени со **Законот за Агенцијата за борба против корупција**[16].

Функционерот е должен јавната функција да ја извршува секогаш ставајќи го јавниот интерес над приватниот, да ги почитува прописите со кои се уредуваат неговите права и должности, совесно да ја извршува својата функција и да ја гради довербата која граѓаните му ја дале. Треба да избегнува лица кои би можеле да делуваат на неговата непристрасност во извршување на должноста и не смее да ја користи функцијата за стекнување на каква било корист или добивка за себе или за лице поврзано со него[17]. Функционерот може да извршува само една јавна функција, освен ако поинаку не е определено во закон. Кога ќе стапи на должност или за времето додека извршува јавна функција, во рок од 8 дена треба писмено да го извести непосредно претпоставениот како и Агенцијата за борба против корупција дека се сомнева за постоење на судир на интереси или за судир на интереси кој постои кај него или со лице поврзано со него.

По стапување на јавна функција, функционерот е **должен да поднесе извештај до Агенцијата во рок од 30 дена, за својот имот и приходите**, право на користење на стан за службени потреби, за имотот на брачниот или вонбрачниот другар, како и на малолетни деца доколку живеат во исто домаќинство, со состојбата на денот на изборот, поставувањето или именувањето. Извештајот за имотната состојба се поднесува и во рок од 30 дена од денот кога ќе престане да извршува јавна функција. Доколку во текот на годината имало важни промени во имотната состојба на функционерот, поднесува извештај за промените најдоцна до 31 јануари наредната година за претходната, заклучно со 31 декември. **Извештајот ги содржи податоците за**: право на сопственост над недвижности во земјата и во странство; сопственост на подвижни предмети кои се подложни на регистрација и на подвижни ствари од поголема вредност, депозити во банки и други финансиски организации, акции и удели во правни лица и други хартии од вредност; авторски права, патенти и слични интелектуални права; долгови и побарувања; извор и висина на нето приходите

---

[16] ЗАКОН О АГЕНЦИЈИ ЗА БОРБУ ПРОТИВ КОРУПЦИЈЕ
(„Службени гласник РС“ бр. 97/08, 53/10, 66/11-УС, 67/13-УС и 8/15-УС)
http://www.acas.rs/zakoni-i-drugi-propisi/zakoni/o-agenciji-za-borbu-protiv-korupcije/

[17] Поврзано лице е сопруг/а, вонбрачен партнер, крвно сродство на функционерот по права линија, посвоител или посвоеник, како и секое друго правно или физичко лице кое согласно други основи и околности може да се смета како лице поврзано со функционерот.

од јавната функција, извор и висина на други приходи и други податоци кои смета дека треба да ги пријави.

Агенцијата води **Регистар за имот** во кој се евидентираат податоци од поднесените извештаи за имотната состојба на функционерите и ја следни нивната имотна состојба. **Јавно достапни на интернетската страница на Агенцијата се податоците за платата и другите приходи** кои функционерот ги прима од Буџетот и другите јавни извори и податоците за јавните функции кои ги извршува. Јавно достапни се и оние податоци за имотната состојба на функционерите кои се јавни во согласност со други прописи и оние за кои согласност за објавување ќе даде брачниот или вонбрачниот другар на функционерот.

## V. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со Законот за спречување на корупција[18] се уредуваат мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката и мерките и активностите за спречување на судирот на интереси**.** За примена на мерките и активностите **од Законот** е основана **Државна комисија за спречување на корупцијата.**

Во извршувањето на функцијата и јавните овластувања секој е должен да постапува во согласност со Уставот и законите. Функцијата и јавните овластувања не смеат да се користат за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице. Функцијата се извршува совесно, стручно, одговорно, ефикасно и непристрасно. Избрано или именувано лице за време на траењето на мандатот не може да врши никаква друга функција, должност или дејност што е неспоива со неговата функција.

Согласно Законот, избрано или именувано лице при изборот или именувањето, а **најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, пополнува анкетен лист со детален попис** на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот и депонира заверена изјава од нотар за откажување од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки. Истата обврска ја има и по престанување на функцијата, во рок од 30 дена. Анкетните листови се доставуваат до Државната комисија за спречување на корупција и Управата за јавни приходи.

---

[18] Закон за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015 и 148/2015). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 190/2002 од 30 април 2003 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2003; У. бр. 44/2005 од 21 септември 2005 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2005; У. бр. 160/2006 од 10 јануари 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2007 и У. бр. 35/2017 од 17 мај 2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2017. Закон за спречување судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2007).
http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx

Избраното или именуваното лице има обврска **во рок од 30 дена да го пријави секое зголемување на неговиот имот**, односно на имотот на член на неговото семејство, во вредност што надминува износ од дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период

**Податоците од анкетниот лист и од пријавата за промена во имотната состојба претставуваат информации од јавен карактер,** освен податоците заштитени со закон и се објавуваат на веб страницата на Државната комисија.

Со **Законот за спречување на судир на интереси**[19] се дефинира судирот на интереси и постапувањето во случај на судир на интереси, како мерките за спречување на судирот на интереси во вршењето на јавните овластувања и должности од страна на службените лица. Целта на Законот е да се обезбеди спречување на злоупотребата на јавните овластувања и должност. Во случај на постоење на сомневање на судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупција. Во Законот таксативно се набројани лицата кои при преземање на вршењето на јавните овластувања и должности, во рок од 30 дена се должни да поднесат изјава за постоење или непостоење на судир на интереси до Државната комисија[20]. Државната комисија **ја известува јавноста за случаите на судир на интереси** по кои таа постапувала, во согласност со закон.

[19] Закон за спречување судир на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2007, 114/2009, 6/2012 и 153/2015). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.142/2007 од 19 декември 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.3/2008 и У.бр.251/2009 од 14 јули 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.98/2010.
http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx

[20] Претседателот на Република Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и други именувани лица на Република Македонија во странство, избраните и именуваните лица од и во Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други органи на централната и локалната власт утврдени со закон.

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Accountable Governance - Ensuring public money is used to benefit citizens; http://www.oecd.org/gov/ethics/public-sector-accountability.htm
2. Open Government Partnership, https://www.opengovpartnership.org/
3. Open Government Declaration, https://www.opengovpartnership.org/open-government-declaration
4. Declaration on parliamentary openness, https://openingparliament.org/static/pdfs/english.pdf
5. Asset Declarations for Public Officials - A tool to prevent corruption http://www.oecd.org/corruption/anti-bribery/47489446.pdf
6. Закон за спречување на судир на интереси на Р.Хрватска https://www.zakon.hr/z/423/Zakon-o-sprje%C4%8Davanju-sukoba-interesa
7. Комисија за спречување на судир на интереси https://www.sukobinteresa.hr/hr/dostupnost-informacija
8. SLOVENIA to the EU Anti-Corruption Report https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/policies/organized-crime-and-human-trafficking/corruption/anti-corruption-report/docs/2014_acr_slovenia_chapter_en.pdf
9. Integrity and prevention of corruption act https://www.kpk-rs.si/upload/datoteke/ZintPK-ENG.pdf
10. Комисија за спречување на корупција на Р. Словенија https://www.kpk-rs.si/sl/
11. Закон о Агенцији за борбу против корупције http://www.acas.rs/zakoni-i-drugi-propisi/zakoni/o-agenciji-za-borbu-protiv-korupcije/
12. Службен весник на Република Македонија http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx